è

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-1207/4**
**26.02.2024 година**
**Скопје**

# ООУ„Јоаким Крчоски“ – Скопје

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 15.11.2023 година до 21.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 19/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Хермина Николовска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик и Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 489 |
| **Полова структура на ученици:** | 251 машки и 238 женски |
| **Број на наставници:** | 42 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Александра Ивановска |
| **Директор на училиштето:** | Елеонора Трајковска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 05-07 март 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул. 102 бб с. Волково – Скопје |
| **Телефон:** | 02 2053 117 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-joakimkrchoski-volkovo-gjorchpetrov@schools.мк |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар 2,75 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 15.11.2023 година до 21.11.2023 година, тим од двајца државни просветни инспектори, спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Јоаким Крчоски“ – Општина Ѓорче Петров, Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим, со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

За време на надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Совет на родители, со Ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Јоаким Крчоски“ – Општина Ѓорче Петров, Скопје е добра (2,75).

Наставниот процес во училиштето, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети, според нивните интереси и потреби.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност.

Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците на училишно ниво, за последните три учебни години е многу добар (4,37). Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата, редовноста и поведението и во континуитет презема мерки за подобрување на состојбите.

Во училиштето, има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани мал број на наставни часови со примена на ИКТ.

Поголем број на наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Родителите редовно се известуваат за напредокот на нивните деца.

Училиштето има пропишани мерки и реализира активности за безбедност на учениците. Инфраструктурата е безбедна, а хигиената добра. Се води грижа за здравјето на учениците.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива респект кај родителите. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам. Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученика заедница, која функционира според изготвен План за работа на ученичката заедница.

Училиштето има план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонnаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Училиштето располага со наставни средства и помагала по сите наставни предмети и истите соодветствуваат на современите научни и наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.

Училишната библиотека не ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Во библиотеката има комјутер со пристап до интернет, но библиотечната евиденција за издадени и вратени книги, библиотекарот ја води во инвентарна книга.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно - образовниот процес. Наставниот кадар во училиштето, обучен е за работа со деца со посебни образовни потреби.

Финансиското работење на училиштето е контролирано од Училишниот одбор, а средствата со кои располага се трошат наменски.

Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор запознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со директорот е партнерска.

Раководен орган на училиштето е ВД директор, именуван од основачот со Решение бр.02-1402/2 од 12.07.2023. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со бр.02-23/4 од 27.01.2020 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.УП1 18-816 од 28.04.2020 година и Решение за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на училиштето со бр.УП1 18-1266 од 15.07.2022 година.

Училиштето, преку тимско работење, има изготвено Самоевалуација со бр.02-175/2 од 05.07.2022 година, која е усвоена од Училиштен одбор со Одлука бр.02-175/3 од 05.07.2022 година.

Училиштето има изготвено Развојна програма за работа на училиштето за период од 2020 до 2024 година со бр.02-169/4 од 31.08.2020 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години (2020 – 2024) и истата со Одлука бр.02-169/3 од 31.08.2020 година, усвоена е од Училиштен одбор.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со бр.02-236/4 од 07.07.2023 година, усвоена од Совет на Општина Ѓорче Петров со Одлука бр.08-1609/9 од 25.08.2023 година.

Училиштето за учебната 2022/2023 година, има изготвено Годишен извештај со бр.02-236/3 од 07.07.2023 година, усвоен од Совет на Општина Ѓорче Петров со Одлука

бр.08-1609/8 од 25.08.2023 година и Полугодишен извештај за учебната 2022/2023 година со бр.02-42 од 30.01.2023 година.

Училиштето со Одлука бр.02-235/9 од 06.07.2023 година, има формирано Училиштен инклузивен тим, согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Во училиштето има 7 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна институција и за секој ученик, согласно законската регулатива, училиштето има формирано Инклузивен тим на ученик.

Училиштето со Одлука бр.02-311/4 од 16.10.2023 година, има формирано Тим за меѓуетничка интеграција. Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, со нагласување на вредностите во визијата на училиштето и со реализација на Програма за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер училишта им се ООУ„Наим Фрашери", с. Студеничани - Општина Студеничани, со склучен Меморандум за соработка со бр.03-230 од 21.06.2023 година и ООУ„Блаже Конески“, Општина Аеродром - Скопје, со склучен Меморандум за соработка со бр.03-380 од 06.12 2022 година.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120220013279 од 11.04.2022 година, има регистриран, активен училиштен спортски клуб ЈОАКИМ КРЧОСКИ Волково, со ЕМБС 7024118.

За организирано остварување на интересите на учениците, во училиштето на ден 21.09.2023 година, формиран е Ученички парламент, составен од претседателите на паралелките. Ученичкиот парламент, согласно законската регулатива има избрано претседател, заменик претседател и секретар на Ученичкиот парламент. На ден 13.10.2023 година, на седница на Ученички парламент спроведена е постапка, согласно законската регулатива за избор на Ученички правобранител и еден заменик правобранител.

## Карактеристики на училиштето

ООУ„Јоаким Крчоски“, е воспитно – образовна установа која се наоѓа во Општина Ѓорче Петров – Скопје, на ул.102 бб.

Училиштето е основано со Одлука на Собрание на Општина Идадија - Скопје со Решение бр.08-19692 од 09. 10.1965 година.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение од Општински комитет за образование, култура и физичка култура на Собрание на Општина Карпош со Уп. бр.11-578/15 од 31.01.1986 година. Носител на основачките права е Општината Ѓорче Петров – Скопје. Училиштето има својство на правно лице и регистирано е во Централен регистар на РМ од 14.10.2009 година со дел.бр.30120090177490 и со ЕМБС: 4094522.

Училишната зграда на централното и подрачното училиште е од тврда градба. Централното училиште е изградено во 1948 година и доградено во 1978 година, со вкупна површина од 960 м$^{2}$. Подрачното училиште во с. Никиштани е изградено во 1948 година и доградено е во 1970 година, со вкупна површина од 460 м$^{2}$. Училишниот објект во централното училиште се состои од приземје и еден кат, а училишниот објект во подрачното училиште се состои од еден кат. Во училишниот двор на централното училиште нема спортски терени, но има спортска сала, која е во сопственост на основачот и дадена е на континуирано користење на училиштето за време на наставниот процес. Спортската сала е со вкупна површина од 800 м$^{2}$. Во подрачното училиште има еден спортски терен со површина од 1 000 м$^{2}$ и има една мала импровизирана фискултурна сала со површина од 50 м$^{2}$. Училишниот двор во централното училиште е со површина од 5 000 м$^{2}$, а во подрачното училиште со површина од 3 600 м$^{2}$.

Основното училиште во централниот објект располага со 10 училници, 1 библиотека, 1 спортска сала, 4 канцеларии, 1 помошна просторија, 3 санитарни јазли и 1 мала просторија за технички персонал. Подрачното училиште располага со 5 училници, 1 кабинет, 1 мала импровизирана фискултурна сала, 2 канцеларии, 2 санитарни јазли и 1 помошна просторија.

Училишната зграда на централното училиште се загрева на централно греење – парно на течно гориво, а училишната зграда на подрачното училиште се загрева на централно греење – парно на дрва.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение. Во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 489 ученици, од кои машки се 251, а женски се 238 и истите се сместени во 27 паралелки, од кои 15 паралелки се одделенска настава, а 12 паралелки се предметна настава. Наставата во централното училиште се изведува на македонски наставен јазик, во две смени, која започнува во 7:30 часот. Наставата во подрачното училиште се изведува на албански наставен јазик, во две смени, која започнува во 7:30 часот.

Во училиштето вработени се вкупно 56 лица, од кои настава изведуваат 42 наставници. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат 3 стручни соработници (психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар). Во училиштето вработени се и 1 лице - раководен кадар, 1 лице - помошник директор 1 лице - секретар и 8 лица **-** технички персонал.

Училишниот имот е осигуран од страна на основачот. Училиштето поседува Полиса бр.334096000640 за осигурување на имот, за период од 28.01.2023 година до 28.01.2024 година, издадена од Винер - Виена Иншуренс Груп Скопје. Училишниот имот е осигуран со Полиса бр.010000171474 за осигурување на компјутери, Полиса бр.010000171475 за осигурување на машини од кршење, Полиса бр.010000171476, за осигурување на стакло од кршење за период од 24.09.2023 година до 24.09.2024 година, издадени од Триглав Осигурување АД Скопје. Училиштето поседува Полиса бр.010230001255 за осигурување на 38 вработени лица и Полиса бр.010230001350/00 за осигурување на 347 ученици, за период од 01.10.2023 година до 30.09.2024 година, издадена од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Јоаким Крчоски“ – Општина Ѓорче Петров, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми од прво до шесто одделение е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието. Содржините во поголем број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година, на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 7 ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна институција. Училиштето, согласно законските одредби со Одлука бр.02-235/9 од 06.07.2023 година, има формирано Инклузивен тим на училиште. За сите ученици со посебни образовни потреби, формиран е Инклузивен тим на ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, кој е вработен во училиштето. Наставните програми се прилагодени за работа со деца со посебни потреби. Поголемиот дел од наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети, според нивните интереси и потреби. Училиштето согласно наставниот план, за учениците од VII до IX одделение, нуди три изборни предмети, при што се внимава во секоја учебна година истите да бидат различни. За учениците од III до VI одделение, училиштето нуди листа на слободни изборни предмети во четири категории

по шест изборни предмети, од која потоа се формира нова листа од пет изборни предмети, за кои имало најголем интерес од страна на учениците и од нив се врши избор на два изборни предмети, што е согласно Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Изборот на изборните предмети се врши по пат на анкетирање, при што се почитува изборот од страна на учениците и родителите.

Во ООУ„Јоаким Крчоски“ се планира и реализира проширена програма. За учениците од прво до петто одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник, согласно изготвен распоред за дежурства, на дневно ниво. Исто така, во училиштето се реализира проширена програма, која опфаќа продолжен престој за ученици од прво до трето одделение, опфатени во една паралелка. За учениците од IV и V одделение не се организира продолжен престој, од причина што на почетокот на учебната година им беше понуден на родителите, но за користење на истиот немаше интерес.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и локалната самоуправа. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ „Наим Фрашери“ од село Студеничани – Општина Студеничани и Меморандум за соработка со ООУ„Блаже Конески“ – Општина Аеродром. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на поголем број заеднички активности. Училиштето со партнер училиштето - ООУ„Наим Фрашери“ од село Студеничани, во оваа учебна 2023/2024 година, реализира активности од проектот „Соочување со минатото“, а истиот го спроведува Здружението Мировна акција Прилеп во партнерство со Центарот за ненасилна комуникација „KURVE Wustrow“. Проектот е финансиран од Министерство за економска соработка и развој на Сојузна Република Германија.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Училиштето во континуитет планира и

реализира вонваставни и наставни активности во рамките на самото училиште, планира и организира заеднички вонваставни активности и со партнер училиштета, а со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Учениците се вклучуваат во вонваставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонваставна активност. Во вонваставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции, кои ги детектираат наставниците. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се хетерогени. Училиштето во вонваставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонваставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во учебната 2020/2021 година, учениците освоиле 22 награди на општински натпревари и 19 награди на регионалени натпревари, во учебната 2021/2022 година, учениците освоиле 33 награди на општински натпревари, 17 награди на регионални натпревари и 1 награда на државен натпревар и во учебната 2022/2023 година, учениците освоиле 23 награди на општински натпревари, 11 награди на регионални натпревари 1 награда на државен натпревар.

Учениците и наставниците работат и на проекти од различна природа, а постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи. За афирмирање на вонваставните активности, училиштето користи повеќе медиуми, веб страната на училиштето и промоција на националните телевизии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120220013279 од 11.04.2022 година, има регистриран, активен училиштен спортски клуб ЈОАКИМ КРЧОСКИ Волково, со ЕМБС 7024118. Во училишниот спортски клуб вклучени се 40 ученици, во четири спортски дисциплини: кошарка, одбојка, футсал и ракомет.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според пол и јазик, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и во континуитет презема активности за нивно подобрување. Изготвува

споредбедни анализи за постигањата на учениците на тримесечие, полугодие и на крај на учебната година.

Средениот успех на училишно ниво, последните три учебни години е многу добар (4.37). Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите. Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол.

Училиштето го следи поведението на учениците и редовно ги оценува. Сите ученици, на крај на учебната година се оценети со примерно поведение.

Стручните соработници и директорот на училиштето, во соработка со наставниците, имаат систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следат нивниот напредок.

Во училиштето индетификувани се 7 ученици со посебни образовни потреби од кои 5 се со проценка од Меѓународната класификација на фукционирање, попреченост и задравје и двајца ученици со наод и мслење од Центарот за ментално здравје.

Мал дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, во согласност со родителот/старателот на ученикот.

Училиштето врши избор на ученик на генерација и го наградува.

Во училиштето од вкупно 489 ученика , 308 се македоци, 165 албанци, 9 срби, 4 роми и 3 ученика се од друга етничка припадност. Училиштето планира и реализира заеднички вонаставни активности со ученици од мешан етнички состав, во рамките на училиштето и со партнер училиштата.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови и има изградена политика за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.

Училиштето редовно ја следи редовноста на учениците и ги анализира причините за отсуство од наставата. Просечниот број на изостаноци е 20 по ученик, од кои 18 изостаноци по ученик се оправдани и 2 изостаноци по ученик се неоправдани.

За да ја зголеми редовноста на учениците во наставата, училиштето во континуитет, планира и презема конкретни активности, во соработка со родителите, преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба, при што врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Од страна на стручниот соработник – психолог, за родителите спроведени се 34 советувања, од нив 18 за намален успех, 8 за нередовно посетување настава и 8 за несоодветно однесување, за што училиштето поседува уредна документација и по потреба известува и надлежни институции.

Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците, според полот, одделение/паралелка и етничката припадност, при тоа ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите, а по потреба и со граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето. Во последните три учебни години бројот на осипани ученици е 22, додека бројот на наоводојдени ученицие е 11.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, училиштето ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со

ученикот. Бројот на ученици, кои во текот на учебната година преминуваат од едно во друго училиште е од 1 до 3 ученика.

### 2.3 Повторување на ученици

Во последните три учебни години, нема ученици кои ја повторувале годината. На крајот од секоја учебна година, мал е бројот на ученици кои се упатени на продолжителна настава.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет, доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата, од страна на директорот на училиштето и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за наставен час, континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим на училиштето, обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за учениците со посебни образовни потреби и остварува соработка со Ресурсниот центар ОУРЦ„Златен Сремац“ - Скопје и со други релевантни институции. Во една учебна година, најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Поголемиот дел од наставниците навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања.

Планирањата на наставниците не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Во голем дел од нив недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Биро за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. За реализирање на наставните програми од прво до шесто одделение, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Биро за развој на образованието, според целите од Националните стандарди и новата Концепција за основно образование.

Наставниците при изготвување на годишните и тематските планирања, разменуваат искуства и идеи во рамките на 3 стручни активи, со поддршка од стручните соработници и остваруваат соработка со други училишта. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава, дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално. Застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини по повеќе наставни предмети.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава. Училиштето има изготвено и распоред за ѕвонење.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на најголем дел од наставниците, вклучувајќи ги и наставниците кои дополнуваат фонд на часови во училиштето.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици

независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците недоволно применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани мал број на наставни часови со примена на ИКТ.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, делимно е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем, им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето, застапеноста на интерактивната настава, делумно задоволува. Учениците се поттикнуваат да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува во паралелките кои работат според целите од Националните стандарди и новата Концепција за основно образование. Постои интеракција на релација наставник - ученик, а во помала мера е застапена интеракција на релација ученик - ученик. На часовите по предметна настава постои помала интеракција.

Наставниците, со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност како и физичка попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, како и во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие, од страна на директорот или од стручните соработници.

Постојат добри практики на размена на искуства преку следење на наставни часови од колеги. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Поголем број ученици, училиштето го доживуваат како стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишниот простор во централното училиште во целост естетски е уреден, а во подрачното училиште, делумно естетски е уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми, но повеќе во централното училиште.

Поголем број од учениците, сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголемиот број на наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците, кај голем број наставници имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење од страна на поголем број наставници, се зема предвид при решавањето проблеми и при

одлучувањето. Учениците се потикнуваат да иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето и во локалната средина.

Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик, но недоволно преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Голем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат. Овој начин на соработка е застапен повеќе во одделенска настава.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби. Критериумите на оценување на постигањата на учениците се според стандардите за оценување со кои учениците и родителите се запознаени по повеќето наставни предмети.

Поголем број на наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Застапено е и самооценување на учениците, но тоа не го овозможуваат сите наставници. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот е согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим на училиштето.

Поголем дел од наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка, пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности, согласно со гледиштата на родителите, во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. Родителите на децата со посебни образовни потреби, се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Голем дел од родителите/старателите кои имаат доставено лични податоци и мејл адреси, одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелка ги има внесено во системот на Е – Дневник и со помош на кориснички имиња и генерални лозинки имаат можност во континуитет да го следат напредокот на своите деца. Исто така, истите тие

родители имаат можност во континуитет да ги следат и неделните извештаи, на ниво на паралелка.

Во училиштето има распоред за приемен ден за родители за секој наставник и истиот е истакнат на огласна табла, на влезот на училиштето. На видно место, во училишниот хол има информативно пано за родители, на кое се истакнуваат сите потребни информации за родителите.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор во централното и во подрачното училиште е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишните згради и во училишните дворови. Инфраструктурата во училиштата (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во двата училиштни објекти, што не може да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и слично), се заштитени, но не се посебно означени. Учениците се свесни за нивното присуство и од страна на наставниците и другите вработени во училиштето, информирани се за можните опасности.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишните згради и во училишните дворови и ги реализира според планираното.

Училиштето во двата објекти располага со ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска мрежа, на која последен пат е извршено испитување и мерење во месец април 2015 година. Исто така, училиштето располага со 5 исправни хидранти во централното училиште и 1 исправен хидрант во подрачното училиште (Доказ: Записник/Потврда бр.03-1367 од 13.11.2023 година и Записник/Потврда бр.03-1368 од 13.11.2023 година за извршено контролно испитување и преглед на хидрантска мрежа) и со 10 ПП - апарати во централното училиште и 4 ПП – апарати во подрачното училиште кои се сервисирани од овластена фирма (Доказ: Потврда бр.03-1365 од 13.11.2023 година и Потврда бр.03-1366 од 13.11.2023 година за извршено испитување, односно сервисирање на ПП- апарати). Во училиштето има 3 обучени наставници (2 наставници во централното училиште и 1 наставник во подрачното училиште), кои поседуваат Уверенија, за давање прва помош на учениците, при несреќни случаи во училиштето. Училиштето и во централниот и во подрачниот училиштен објек има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето најмалку двапати годишно изведува симулациска вежба.

Училишниот имот е осигуран од страна на основачот. Училиштето поседува Полиса бр.334096000640 за осигурување на имот, за период од 28.01.2023 година до 28.01.2024 година, издадена од Винер - Виена Иншуренс Груп Скопје. Училишниот имот е осигуран со Полиса бр.010000171474 за осигурување на компјутери, Полиса бр.010000171475 за осигурување на машини од кршење, Полиса бр.010000171476, за осигурување на стакло од кршење за период од 24.09.2023 година до 24.09.2024 година, издадени од Триглав Осигурување АД Скопје. Училиштето поседува Полиса бр.010230001255 за осигурување на 38 вработени лица и Полиса бр.010230001350/00 за осигурување на 347 ученици, за период од 01.10.2023 година до 30.09.2024 година, издадена од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје.

Училиштето има пишан документ – Протокол со дел. бр.02-43/5 од 01.03.2022 година, во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, а кои се сметаат за насилство како што се психичко/емоционално насилство, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство и семејно насилство, но со содржината на истиот не се запознаени сите наставници, ученици и родители. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Протоколот за постапување, од страна на вработените, доследно се реализира и применува во централното и во подрачното училиште. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и доколку има потреба, училиштето навремено известува соодветни надлежни институции, како Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и Здравствените установи.

Учениците и во централното училиште и во подрачното училиште, се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Во училиштето, во моментот на интегралната евалуација, нема физичко обезбедување од агенција, финансирано од односачот. Во училиштето се спроведуваат редовни дежурства од страна на наставниците и учениците.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци. Во двата училиштни објекти, поставени се апликации за забрана на истите. Раководителите на паралелките, во рамките на одделенските часови, ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите. Забраната од пушење се почитува од сите вработени. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пропишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.

Училиштето има организирана исхрана за сите ученици, за што има склучено Договор бр.03-453 од 26.07.2022 година, склучен со ДПТУ СПЕЦИЈАЛ - ПРОДУКТ ДООЛ Скопје и истиот важи до крајот на учебната 2023/2024 година. За исправноста на храната, училиштето поседува Извештај од тестирање на храна со бр.2673/2023 од 16.10.2023 година, извршено од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, со кој се потврдува исправноста на исхраната, која ја добиваат учениците. Досега не е забележана појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училиштето има Инклузивен тим на училиште и пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите, со Ресурсниот центар и со другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Влезот во централното училиштето, со пристапна рампа во целост е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, а на влезот во подрачното училиште има пристапна рампа, но до самиот влез нема соодветен пристап за учениците со телесни пречки во развојот. Просторот во ходниците и во училниците не е приспособен за нивно движење. Во централното училиште има прилагоден тоалет за ученици со телесни пречки во развојот, а во подрачното училиште нема прилагоден тоалет. Во училиштето, во последните три учебни години има само еден ученик со физичка попреченост, истиот е во централното училиште и за него се обезбедени личен и образовен асистент.

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности, кои што бараат вложување дополнителни сретства. За ваквите ученици, училиштето често организира хуманитарни акции. За таа цел училиштето соработува со родителите, со локалната заедница, локалната самоуправа и деловната заедница.

## 4.2 Здравје

Хигиената во централното и во подрачното училиште е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, согласно законските прописи. Училиштето, воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и уреден. Во дворот на училиштето, во двата објекти, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училиштен простор, а последната е извршена во месец Март 2023 година, од страна на Служба за ДДД заштита ЗОТОКС - Скопје. За враме на интегралната евалуација беше приложено известување, доставено по електронска пошта од страна на Старс ДООЛ

Скопје, со кое се известува училиштето дека на ден 27.11.2023 година, ќе биде спроведена дезинфекција, дезинсекција и дератизација во централното и подрачното училиште.

Училиштето има програма за превенција за здравјето. За учениците, училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарни и систематски лекарски прегледи. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски), на дел од вработените извршен е во месец Декември 2021 година, а на дел од вработените извршен е во месец Јануари 2022 година во ПЗУ Интермед Арт - Скопје.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман и притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и по потреба ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците навремено им обезбедува јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел училиштето организира сопствени активности - презентација и користи промотивни материјали од средните училишта на ниво на Град Скопје. Исто така се организираат и презентации од претставници на средните училишта.

Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, ги опфаќа следните активности: работилници за самозапознавање, самооценување на способности и интереси на учениците, работилници за изработка на кратка биографија и мотивационо писмо и вршење на психолошка проценка на способностите и интересите на учениците, од страна на психологот на училиштето.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што може да ја добијат преку усни соопштенија, најчесто на родителски средби и преку Совет на родители. Стручните соработници, повремено изготвуваат промотивни материјали за мрежата на средните училишта, го презентираат конкурсот за упис во средно училиште, организираат презентации на струките и профилите за занимањата од разни средни училишта и користат промотивни материјали, изготвени од средните училишта во градот.

Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците го продолжиле понатамошното образование.

Инклузивниот тим на училиштето, а посебно специјалниот едукатор и рехабилитатор, работат на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби.

### 4.4 Следење на напредокот

Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците. Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка, направена од страна на наставниците. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските раководители, раководителите на паралелки, предметните наставници и родителите, во однос на постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручната служба и раководниот кадар на понатамошна обработка и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

ООУ „Јоаким Крчоски“, Општина Ѓорче Петров – Скопје, препознатливо е според квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, младинскиот активизам и поттикнува доволно активности за учество на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива добар респект кај родителите.

Училиштето има Правилник - Кодекс за однесување со дел.бр.02-102 од 07.05.2021 година, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, на наставниците и стручните соработници, на останатите вработени и на родителите и Куќен ред со дел.бр.08-249 од 31.08.2022 година, за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето нема пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар, играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, вработените и родителите.

Наставниците добро се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонннаставните активности.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на многу добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа, согласно законските прописи и истата учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Формиран е Ученички парламент кој во реализација на својата програма, добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка и материјална). Учениците навремено и целосно се информирани од Ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за граѓанско учество се иницираат,

планираат и реализираат од страна на учениците, односно од ученичка заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и парламент. Во последните три учебни години постојат голем број на реализирани активности на младински активизам.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето посветува внимание на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник. Учениците имаат можности, согласно на нивните способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности, со преземање на граѓански иницијативи и акции.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Постигањата на учениците се промовираат преку разни форми, интерно и на социјалните мрежи, а се промовираат индивидуални и групни постигања на учениците. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето.

Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и во зависност од можностите училиштето ги наградува учениците што постигнале успех. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и истото се врши преку медиуми, училишната веб страна и слично.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознати со правата на децата. Во училниците и холот на на централното училиште, истакнати се изработки од работилници, организирани во контекст на правата на децата, а во подрачното училиште помалку се истакнати такви изработки.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалната припадност и интелектуалните разлики. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам. Учениците, преку реализирани работилници, се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и друго.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Од иконографијата на училиштето заклучуваме дека мултикултурализмот е присутен во сите ученички искажувања. Заради негување на мултикултурализмот во училиштето се планираат, организираат и реализираат наставни и воннаставни активности во самото училиште, како и заеднички наставни и воннаставни активности со партнер училиштето ООУ„Наим Фрашери“ од село Студеничани – Општина Студеничани. Интерните активности и активностите со партнер училиштето се реализираат со цел да се обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и наставниците.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поеднечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на

Училиштен одбор - претставници од родители, приемен ден за родители и отворен ден за родители.

Училиштето со својата работа, ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се обемноста на наставните планови и програми, советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии. Комуникацијата на родителите во училиштето се остварува и преку Е -дневникот. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето во континуитет е вклучено во животот на општината и урбаната заедница, односно редовно се реализираат заеднички проекти, активности и настани, кои се од интерес на заедницата. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам, со што учениците се вклучени во активности, организирани со заедницата. Општината во континуитет реализира активности за подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во пошироката средина.

Училиштето остварува соработка со деловната заедница. Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во проекти од интерес на заедницата. Училиштето при реализација на проекти остварува соработка и со здруженија, невладини организации, фондации.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава, според Нормативот. Постојат просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на вонnаставни активности за учениците.

Училишната зграда во централното училиште има пристапна рампа за влез на ученици со телесни пречки во развојот, а во подрачното училиште во с.Никиштани пристапната железна рампа, привремено е одстранета, поради сопнувања на ученици при влез во училиштето.

Училишната зграда на централното и подрачното училиште е од тврда градба. Централното училиште е изградено во 1948 година и доградено во 1978 година, со вкупна површина од 960 м$^{2}$. Подрачното училиште во с. Никиштани е изградено во 1948 година и доградено е во 1970 година, со вкупна површина од 460 м$^{2}$. Училишниот објект во централното училиште се состои од приземје и еден кат, а училишниот објект во подрачното училиште се состои од еден кат. Во училишниот двор на централното училиште нема спортски терени, но има спортска сала, која е во сопственост на основачот и дадена е на континуирано користење на училиштето за време на наставниот процес. Спортската сала е со вкупна површина од 800 м$^{2}$. Во подрачното училиште има еден спортски терен со површина од 1000 м$^{2}$ и има една мала импровизирана фискултурна сала со површина од 50 м$^{2}$. Училишниот двор во централното училиште е со површина од 5 000 м$^{2}$, а во подрачното училиште со површина од 3 600 м$^{2}$.

Основното училиште во централниот објект располага со 10 училници, 1 библиотека, 1 спортска сала, 4 канцеларии, 1 помошна просторија, 3 санитарни јазли и 1 мала просторија за технички персонал. Подрачното училиште располага со 5 училници, 1 кабинет, 1 мала импровизирана фискултурна сала, 2 канцеларии, 2 санитарни јазли и 1 помошна просторија.

Училишната зграда на централното училиште се загрева на централно греење – парно на течно гориво, а училишната зграда на подрачното училиште се загрева на централно греење – парно на дрва.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со наставни средства и помагала кои се неопходни за реализација на наставните предмети и истите соодветствуваат на современите научни и наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање, но истите ефективно и ефикасно не ги користат во наставата и учењето. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи и книги и дополнителна стручна литература и истите согласно можностите во континуитет се надополнуваат.

Учењето и наставата, не се доволно збогатени преку планирано користење на ИКТ, од причина што училиштето располага со недоволен број на ИКТ ресурси.

Училиштето располага со 22 функционални компјутери (15 во подрачното училиште и 7 во централното училиште), 24 таблти во централното училиште, 7 смарт телевизори во центраното училиште, 2 смарт табли во подрачното училиште кои не се во употреба, 9 ЛЦД проектори (6 во централното училиште и 3 во подрачното училиште) и 9 печатари (6 во централното училиште и 3 во подрачното училиште).

За спецификите и потребите на учениците со посебни образовни потреби, специјалниот едукатор и рехабилитатор кој редовно ги посетува, користи и изготвува прилагодени наставни средства. Училиштето не располага со доволна асистивна технологија, односно има 4 тастатури со зголемени букви и брајево писмо.

Училишната библиотека е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет, но во тек е електронско внесување на библиотечната евиденција. Во библиотеката за издадените и вратени книги се води евиденција во инвентарна книга. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и има истакнато работното време.

Училишната библиотека располага со 7 480 учебници од кои 4 920 се на македонски јазик и 2 560 се на албански јазик. Училишната библиотека располага и со 623 книги по жанрови, 36 книги - стручна литература, 57 книги - странска литература и 513 книги - лектирни изданија. Бројот на наслови на книги во најголем дел не ги задоволуваат потребите на учениците, наставиците и стручната служба. Библиотекарот е одговорен за прием и распределба на бесплатните учебници.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно - образовниот процес, по сите наставни предмети кои имаат соодветно образование, согласно со нормативите за наставен кадар, освен 2 наставници и тоа наставникот по наставниот предмет Математика и наставникот по наставниот предмет Физичко и здраствено образование, кои се со несоодветно образование, а настава изведуваат во подрачното училиште, на албански наставен јазик. Овие наставници се вработени на јавен оглас, на определено работно време, како единствени пријавени кандидати на огласот.

Наставниот кадар во училиштето, обучен е за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, наставниците добиваат поддршка и од специјалниот едукатор и рехабилитатор, од ангажираните образовни асистенти и од ресурсниот центар со кој соработуваат.

Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост. Во училиштето после секоја обука, постои практика да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници и стручни соработници.

Наставата во училиштето ја реализираат 42 наставници, од кои 3 наставници реализираат настава и во други училишта. Од вкупниот број, 36 наставници се со високо образование, 3 наставници се со завршено вишо образование и еден наставник е со завршени магистерски студии. На неопределено работно време се вработени 25 наставници, а 17 наставници се вработени на одределено работно време. Според полот 34 од настаниците се жени, а 8 од наставниците се мажи. Според етничката припадност 27 наставници се македонци , 13 наставници се албанци, 1 наставник е влав и 1 наставник е србин.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник - приправник. Во текот на интегралната евалуација, во училиштето има еден приправник, а тоа е стручниот соработник - библиотекар. За библиотекарот, обезбедена е менторската поддршка од ментор од друго училиште, кој исто така е библиотекар, истиот не е со звање ментор, но има над 7 години работно искуство во библиотека. Менторот има изготвено Програма за работа. Во училиштето има наставник со звање наставник - ментор со Решение од Министерството за образование и наука.

Наставниците работат како тим во рамки на 3 стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Работата на наставниот кадар ја надополнува стручна служба со три стручни соработници и тоа психолог, библиотекар и специјален едукатор и рехабилитатор кои им помагаат на наставниците во организација и реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно

ниво и во давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка. Во училиштето нема стручен соработник - педагог.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој. Училиштето на основа на личните планови, на наставниците ги идентификува потребите и изготвува Програма за професионален развој, при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници. Во последните три учебни години наставниците учествувале на 32 обуки. Училиштето има добра пракса за дисеминирање на искуствата, стекнати од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки за реализација на сите проекти, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и граѓански активизам, како и обуки за новата Концепција за основно образование.

Училиштето поседува документација од која може да се види следењето на професионалниот развој и истата е ажурирана во портфолија за професионален развој на наставниците.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, во согласност со можностите и понудените обуки.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето, за училишниот буџет и за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор на крајот од првото полугодие и на крајот од годината добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е составен од 7 членови. Членовите на Училиштен одбор не се избрани согласно член 107 став 1 и став 2 од Законот за Основното образование. Имено двајца претставници од редот на наставници, стручни сотработници и воспитувачи, во 2021 година, избрани по пат на јавно гласање, а еден претставник во 2023 година, избран е по пат на тајно гласање. Исто така и тројца членови од редот на Совет на родители, избрани се по пат на јавно гласање. Така формираниот Училиштен одбор, работи согласно пропишаните надлежности, дефинирани со постојната законска регулатива. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор, со испланирани активности и временска рамка. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури, освен претставниците избрани од редот на Ученичкиот парламент. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловник за работа на Училиштен одбор со дел.бр.02-175/5 од 05.07.2023 година. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно - образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и се залага за афирмирање на инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанскиот активизам.

Раководен орган на училиштето е ВД директор, именуван од основачот со Решение бр.02-1402/2 од 12.07.2023. Фокусот на работењето на раководниот орган е подобрување на наставата, обезбедување на современи нагледни сретства, мотивирање на наствниците за професионален развој и усовршување, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти и афирмирање на училиштето и постигањата на учениците. Работата на ВД директорот е испланирана во Годишна програма за работа на директор, а професионалниот развој на директорот е застапен во програма за професионален развој на директор.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Промените во образовниот систем, успешно ги имплементира во училиштето. Се фокусира на приоритетите, идентификувани во развојниот план/програма, редовно се

самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работата на училиштето. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

### 7.2 Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и граѓански активизам, професионален развој на наставниците и унапредување на постигањата на сите ученици. Вработените, советот на родители и дел од учениците, учествуваа во креирањето на мисијата и визијата. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата. Училиштето ги вклучува сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците и повремено локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Има примери за соработка со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни политики. Училиштето по препораки од надлежни институции ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите и друго. Во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување се почитуваат договорените процедури.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и ја почитува динамиката на следење и евалуација. Училиштето редовно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината;
- Постојат добри практики на размена на искуства преку следење на наставни часови од колеги;
- Вклученост на учениците со ПОП во воннаставните активности;
- Училиштето има интерна процедура – протокол за следење на наставниот процес;
- Училиштето има разработен систем и ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус;
- Добра севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;
- Односите во училиштето меѓу учениците и сите вработени се добри и коректни;
- Работната дисциплина и атмосвера на наставните часови е многу добра;
- Транспарентност при трошење на училишниот буџет.

## 8.2 Слаби страни

- Планирањата на наставниците не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот и во голем дел од нив недостасуваат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат и наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците;
- Учењето и наставата не се доволно збогатени преку планирано користење на ИКТ, од причина што училиштето располага со многу мал број на функционални работни места, како и мал број на други ИКТ ресурси, како смарт табли неопходни за реализација на наставата согласно Концепцијата за основно образование;
- Недоволна интеракција на часовите во предметна настава, особено на релација ученик - ученик;
- Во библиотеката за издадените и вратени книги се води евиденција во инвентарна книга и бројот на наслови на книги во најголем дел не ги задоволуваат потребите на учениците, наставиците и стручната служба.

## 8.3 Препораки

- Да се подобрат планирањата на наставниците и истите да ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, да содржат диференцирани цели и диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат и наставниците да користат различни приоди за ученици во зависност од индивидуалните способности за учење на учениците;
- Училиштето да преземе активности за обезбедување на функционални компјутери и други ИКТ ресурси, а со тоа наставата да се збогати со планирано користење на ИКТ и училниците да се опремат со смарт табли кои се неопходни за реализација на наставата согласно Концепцијата;
- При реализација на наставниот процес, наставниците да планираат и реализираат наставни форми и наставни техники, со цел за зголемување на интеракцијата на часовит, на релација ученик - ученик;
- Во библиотеката да се води електронска евиденција за издадени и вратени книги и да се преземат активности за зголемување на бројот на наслови на книги.

| | |
|---|---|
| Хермина Николовска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Сенад Сулејмани, Инспектор | |